# Изјава за приватност на ПроКредит Банка АД Скопје

Заштитата на приватноста и доверливоста на податоците на клиентите/соработниците/вработените на банката е од најголемо значење за Прокредит Банка АД Скопје и е еден од основните принципи на врз кои се заснова работата на банката.

**Со Изјавата за приватност имаме за цел да го објасниме процесот на за собирањето и обработката на Вашите податоци.**

Следните информации се наменети да ви дадат преглед на тоа како ги обработуваме Вашите лични податоци како и информации и за Вашите права според применливата регулатива за заштита на податоците. Кои специфични податоци се обработуваат и како се користат, зависи првенствено од услугите за кои сте аплицирале или сте ги договориле со банката.

Секоја активност поврзана со личните податоци, Банката ја спроведува во согласност со Законот за заштита на лични податоци и подзаконските акти донесени врз основ на овој закон со сите измени и дополнувања.

**Овој документ е сочинет од следната содржина:**


1. **Дефиниции**
2. **На кого се однесува оваа Изјава за приватност**
3. **Кои извори и податоци ги користи ПроКредит Банка**
4. **Контакт информации кој ги обработува Вашите податоци и каде да се обратите по ова прашање**
5. **Кои се целите на обработка на податоците и по кои основи Банката може да ги обработува истите**
6. **Кој има пристап до Вашите податоци**
7. **Дали податоците се доставуваат до трета земја или до меѓународна организација**
8. **Колку долго Банката ќе се чува Вашите лични податоци**
9. **Кои се Вашите права во врска со заштитата на личните податоци**
10. **Дали треба да ги дадете Вашите лични податоци на Банката**
11. **До кој степен одлучувањето е автоматизирано и дали се прави профилирање?**
12. **Видео надзор**
13. **Снимање на телефонски разговори**
14. **Маркетинг**
15. **Како ПроКредит Банка ги заштитува Вашите лични податоци**
16. **Изменување/дополнување на Политиката за приватност**


## 1. Дефиниции

Известувањето за заштита на податоците на ПроКредит банка АД Скопје се заснова на термините што ги користи применливата законска регулатива односно Законот за заштита на личните податоци и сите подзаконски акти кои произлегуваат од истиот. Известувањето за заштита на податоците треба да биде читливо и разбирливо за пошироката јавност, како и за нашите

клиенти и деловни партнери. За да го обезбедиме ова, би сакале прво да ја објасниме употребената терминологија.
Во оваа Известување за заштита на податоците, меѓу другото, ги користиме следниве термини:

**а) „Личен податок“** е секоја информација која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува (субјект на лични податоци), а физичко лице кое може да се идентификува е лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно, посебно врз основа на идентификатор како што се име и презиме, матичен број на граѓанинот, податоци за локација, идентификатор преку интернет, или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, физиолошки, генетски, ментален, економски, културен или социјален идентитет на тоа физичко лице

**б) „Субјект на лични на податоци“** Субјект на лични податоци е секое идентификувано или физичко лице кое може да биде идентификувано, чии лични податоци ги обработува контролорот одговорен за обработката.

**в) „Обработка на личните податоци“** е секоја операција или збир на операции кои се извршуваат врз личните податоци, или група на лични податоци, автоматски или на друг начин, како што се: собирање, евидентирање, организирање, структурирање, чување, приспособување или промена, повлекување, консултирање, увид, употреба, откривање преку пренесување, објавување или на друг начин правење достапни, усогласување или комбинирање, ограничување, бришење или уништување.

**г) „Ограничување на обработката на личните податоци“** е означување на личните податоци кои се чуваат, а со цел ограничување на нивната обработка во иднина;

**д) „Профилирање“** е секоја форма на автоматска обработка на лични податоци, која се состои од користење на лични податоци за оценување на одредени лични аспекти поврзани со физичкото лице, а особено за анализа или предвидување на аспекти кои се однесуваат на извршување на професионалните обврски на тоа физичко лице, неговата економска состојба, здравје, лични преференции, интереси, доверливост, однесување, локација или движење;

**ѓ) „Псевдонимизација“** е обработка на личните податоци на таков начин што личните податоци не можат повеќе да се поврзат со одреден субјект на лични податоци без да се користат дополнителни информации, под услов таквите дополнителни информации да се чуваат одделно и да подлежат на технички и организациски мерки со кои ќе се обезбеди дека личните податоци не се поврзани со идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува;

**е) „Контролор“** е физичко или правно лице, орган на државната власт, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело, кое самостојно или заедно со други ги утврдува целите и начинот на обработка на личните податоци, а кога целите и начинот на обработка на личните податоци се утврдени со закон, со истиот закон се определуваат контролорот или посебните критериуми за негово определување;

**ж) „Обработувач на збирка на лични податоци“** е физичко или правно лице, орган на државната власт, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело кое ги обработува личните податоци во име на контролорот;

**з) „Корисник“** е физичко или правно лице, орган на државната власт, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело на кое му се откриваат личните податоци без разлика дали е тоа трето лице или не. Меѓутоа, органите на државната власт и државните органи на кои им се откриваат личните податоци во рамките на посебна истрага во согласност со закон, не се сметаат за корисници, при што обработката на оВие податоци од оВие органи мора да биде во согласност со важечките правила за заштита на личните податоци според целите на таа обработка;

**ѕ) „Трето лице“** е секое физичко или правно лице, орган на државната власт, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело, кое не е субјект на лични податоци, контролор, обработувач или лице, кое под директно овластување на контролорот или обработувачот е овластено да ги обработува податоците;

**и) „Согласност“** на субјектот на лични податоци е секоја слободно дадена, конкретна, информирана и недвосмислена изјавена волја на субјектот на личните податоци, преку изјава или јасно потврдено дејствие, а со кои се изразува согласност за обработка на неговите лични податоци;

**2. На кого се однесува оваа изјава за приватност?**

ПроКредит банка ги прибира, чува и обработува личните податоци што ги откриваат или веќе ги откриле на банката потенцијалните и/или постојни клиенти и генерално, лицата кои што вршат деловни активности со банката во било кое својство во сите фази на деловната соработка.

Изјавата за приватност на ПроКредит банка се однесува на сите субјекти на лични податоци коишто стапиле во деловен однос со банката и/или поднеле барање за стапување во деловен однос со банката, вклучувајќи но не ограничувајќи се на: клиенти, соработници, вработени, членови на законски пропишани одбори, практиканти, апликанти за работа (начинот на обработка на личните податоци на вработените, практиканти, апликанти за работа, покрај во оваа изјава за приватност се доуредени со интерни акти).

Првенствено Банката ги прибира оние лични податоци кои субјектите сами ги имаат дадено на располагање на Банката, при пополнување на апликација за регистрација на клиенти при првиот деловен контакт со Банката (во случај на клиенти), основни податоци за субјектот при апликација за вработување (сите потребни информации за исполнување на законските обврски согласно со Закон за работни односи и применливите колективни договори).

**3. Кои извори и податоци ги користи ПроКредит Банка ?**

Ние ги обработуваме Вашите лични податоци секогаш кога ќе контактирате со нас, на пр. кога пополнувате формулар за апликација преку Интернет да отворите сметка или ако веќе сте клиент, кога контактирате со нас преку е-пошта или телефон или кога ги користите нашите производи и услуги според условите на нашите деловни односи. Покрај тоа, доколку е потребно за

целите на обезбедување на нашите услуги, ние обработуваме лични податоци кои легитимно ги обезбедуваме од јавно достапни извори (на пр. комерцијални регистри, регистри на здруженија, други јавни регистри, печат, Интернет), или од други компании кои припаѓаат на групата ПроКредит или други трети лица кои законски и легитимно ги обезбедуваат податоците за нас.

Релевантните лични податоци го вклучуваат вашето име, адреса и други податоци за контакт, датумот и местото на раѓање, вашето име, националност, како и податоци за верификација (на пр., податоци за Вашата за лична карта) и автентикација (на пример, вашиот потпис на примерок) на вашиот идентитет. Дополнително, релевантните лични податоци можат да вклучуваат и податоци за трансакции (на пр. платни налози), податоци кои се однесуваат на исполнување на нашите договорни обврски (на пр. Податоци за промет на сметка), информации за Вашата финансиска состојба (на пр., трендови на плаќањата), податоци за рекламирање и маркетинг, документација за податоци (на пр. снимки на телефонски повици направени заради издавање упатства), аудио-визуелни податоци - каде што е применливо и законски дозволено, обработуваме видеа за надзор во филијалите на Банката, и/или снимки на телефонски повици при разговор на нашите клиенти со центарот за грижа на корисници. Можеме да ги користиме овие снимки, за да ги потврдиме вашите барања извршени преку телефон, и/или заради спречување измама, податоци за деца само кога користат услуга/производ во Банката и други податоци споредливи со гореспоменатите категории (на пр. социоодемографски податоци како граѓански статус).

**Особено банката може да врши обработка на следниве лични податоци:**

- **Лични податоци што ги доставуваат субјектите:**
  - Податоци за идентификација (име и презиме, датум и место на раѓање, податоци за лична карта или пасош, единствен матичен број/личен идентификациски број и сл),
  - Демографски податоци (полм националност, брачен статус),
  - Контакт податоци (телефонски број, адреса, адреса на електронска пошта и сл),
  - Финансиски податоци (информации во врска со плата и имотна состојба, даночен број),
  - Податоци за пристап на електронски апликации, пример податоци за најава на електронско банкарство (пример корисничко име и сл).
- **Лични податоци коишто ги прибира Банката, како што се:**
  - Лични податоци во врска со спроведување на мерки на анализа, откривање на определените лица или субјекти кон кои се изречени финансиски рестриктивни мерки, како при спречувањето на перење пари и финансирање тероризам,
  - Лични податоци во врска со следењето и проценката на кредитната способност, управувањето со ризиците и општо за потребите на догвоорните и деловните односи на клиентите/соработниците со ПроКредит банка,
  - Во согласност со важечката правна рамка за доставување на податоци до надзорните органи,
  - Во контекст на преписка и општа комуникација на клиентите со банката,
  - Податоци од економска природа што даваат проценка нза инвестицијата, финансискиот статус и однесувањето на клиентите,
  - „колачиња“ и придружни технологии кои овозможуваат пристап и употреба на специфични страници и/или веб страници,

- Информации обезбедени од надзорни, судски и други јавни и независни органи, поврзани со кривични пресуди, прекршоци, спроведување мерки за заштита на јавниот интерес, заплени, конфискации и заложби,
- Податоци што ги засегаат клиентите и коишто се јавно достапни преку Интернет или на друг начин,
- Податоци за вработените лица во прокредит Банка, лицата коишто вршат практикантска или волонтерска работа во Банката во согласност со важечката правна рамка од оваа област,
- Податоци за кандидатите за вработување во Банката
- Лични податоци кои се прибираат при користење на интернет страната на Банката.

Личните податоци што ги обработува Прокредит Банка се чуваат во хартиена и/или електронска форма.

Банката презема соодветни мерки за заштита на личните податоци за малолетници, во согласност со применливата регулатива. Податоците за малолетниците банката ги чува само доколку личните податоци ги обезбедиле лицата кои имаат старателство над малолетниците и единствено за потребите на деловниот однос со Банката вокорист на малолетниците, освен кога е поинаку пропишано со закон.

Напоменуваме дека Банката обработува лични податоци единствено во обем којшто е неопходен за целите на обработката.

Исто така производите и услугите што ги обезбедува прокредит Банка во никој случај не се наменети за директна употреба од страна на малолетни лица. Доплнително Банката не дава услуги на информатичко општество за деца во контекст на член 12 од Законот за заштита на личните податоци.

**4. Контакт информации кој ги обработува Вашите податоци и каде да се обратите по ова прашање**

**Вашите податоци ги обработува:**
ПроКредит Банка АД Скопје
Ул.Манапо, број 7
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Е-маил: mkd.info@procredit-group.com
Интернет страна: www.pcb.mk

**Може да го контактирате нашиот Офицер за заштита на лични податоци преку е-маил или тел:**
Јасмина Карадиновска Муртановска
ПроКредит Банка АД Скопје
Ул.Манапо, број 7
1000 Скопје

Тел: +389 2321 95 95
Е-маил: mkd.dataprotection@procredit-group.com
Интернет страна: www.pcb.mk

**5. Кои се целите на обработка на податоците и по кои основи Банката може да ги обработува истите**

Ние обработуваме лични податоци во согласност со барањата на Законот за заштита на личните податоци како и останатата примелнива законска и подзаконска регулатива во Република Северна Македонија за заштитата на личните податоци во следните ситуации:

**а) Да ги исполниме нашите договорни обврски (чл. 10 став (1) алинеа 2 од ЗЗЛП)**

Податоците се обработуваат со цел да се извршат банкарски трансакции и финансиски услуги во со цел извршување/исполнување на обврските од договорите склучени со нашите клиенти или со цел да се преземат чекори на барање на нашите клиенти пред склучување на таков договор. Целите за кои се обработуваат личните податоци зависи првенствено од конкретниот производ/услуга (на пр. сметка, депозити) и може да вклучува анализи на финансиските потреби, совети и извршување на трансакции.

**б) Обработката е потребна за целите на легитимните интереси на контролорот или на трето лице, освен кога таквите интереси не преовладуваат над интересите или основните права и слободи на субјектот на лични податоци коишто бараат заштита на личните податоци (член 10 став (1) алинеа 6 од ЗЗЛП)**

Доколку е потребно, ние ги обработуваме Вашите податоци до одреден степен над тој што е строго неопходен за извршување на договорот со цел да ги заштитиме нашите легитимни интереси или интересите на трети лица. Примери за таква обработка се:

- Мерки за управување со деловни активности и мерки насочени кон развој на услуги и производи;
- Обезбедување на ИТ безбедност и ИТ операции на банката;
- Ревизија и оптимизирање на процедурите што се користат за анализа на потребите спроведена со цел адресирање клиенти директно;
- Рекламирање или истражување на пазарот и мислењето, освен ако не сте го искористиле Вашето право да се спротивставувате на употребата на Вашите податоци за овие цели;
- Видео надзор заради зачувување на правото за контрола на пристапот, собирање докази во настан на разбојништво и измама, заштита на животот или здравјето на луѓето, заштита на сопственоста, заштита на животот и здравјето на вработените поради природата на работата (член 90 од ЗЗЛП);
- Мерки за гарантирање на безбедноста на зградите и опремата (на пр. Следење на пристапот до забранети области);
- Мерки за зачувување на правото за контрола на пристапот.

**в) Врз основа на Ваша согласност (чл. 10 став (1) алинеа 1 од ЗЗЛП)**

Под услов да сте дале согласност да ги обработуваме Вашите лични податоци за одредени цели (на пример: да ги пренесувате Вашите податоци на други субјекти во групацијата од која е дел

банката, да ги анализираме податоците за трансакциите за плаќање за целите на маркетингот), оваа обработка е легитимна врз основа на Ваша согласност. Согласноста може да се повлече во секое време.
Повлекувањето на согласноста не влијае на легитимноста на обработката на податоците пред повлекувањето.

**г) Да се усогласиме со законска обврска или да постапуваат во јавен интерес (чл. 10 став (1) алинеа 3 од ЗЗЛП)**

Покрај тоа, ние како банка сме предмет на разни законски обврски, односно барања врз основ на одредени закони (на пр.Закон за банки, Закон за спречување на перење пари и финансирање тероризам, закони за оданочување, закони за платниот промет) и барањата на надзорни органи (на пример, Народната банка на Република Северна Македонија, Агенцијата за заштита на личните податоци). Целите на обработката на податоците во вакви случаи вклучуваат проверка на идентитетот и возраста, спречување на измама и перење пари, усогласеност со барања за известување (репортирање) согласно применливите закони за даноци, како и проценка и за цел управување со ризиците во банката и во групата ПроКредит.

**6. Кој има пристап до Вашите податоци?**

Во рамките на банката, пристапот до Вашите податоци е даден на оние организациски единици кои се потребни за да ги исполнат нашите договорни и законски обврски. Давателите на услуги и агентите ангажирани од нас исто така можат да добиваат податоци за нивни цели, под услов да ја одржуваат банкарската тајна. Ова се однесува на компаниите во категориите ИТ услуги, платни трансакции, телекомуникации и маркетинг.

Во врска со трансферот на податоци на приматели надвор од нашата банка, прво треба да се напомени дека, како банка, ние сме должни да ја чуваме доверливоста на сите факти и проценки во врска со клиентот што стануваат познати само за нас (банкарска тајна во согласност Закон за банки). Дозволено е да ги пренесуваме Вашите податоци ако законските барања нѐ обврзуваат, или ако сте дале Ваша согласност, или ако банката е овластена да открива детали за финансиските работи. Под овие предуслови, следниве може, меѓу другите, да бидат приматели на лични податоци:

• Јавни институции (на пр. Народната Банка, Управа за финансиско разузнавање, Управа за финансиска полиција, други финансиски органи, органи за спроведување на законот), доколку постои законско или службено барање.

• Други институции за кредитни или финансиски услуги или трети лица на кои ги пренесуваме Вашите лични податоци со цел да го извршиме нашиот договор со вас (на пр. дописнички банки, кредитни агенции, во зависност од природата на договорот).

• Други компании кои припаѓаат на групата ПроКредит за целите на управување со ризик во согласност со законски или службени обврски.

Дополнително банката може да ги пренесе Вашите податоци на приматели на податоци за кои сте дале Ваша согласност за таков пренос на податоци.

**7. Дали податоците се доставуваат до трета земја или до меѓународна организација?**

Податоците се пренесуваат на субјектите во државите во Европската унија односно во Сојузна Република Германија на субјекти кои припаѓаат на ПроКредит групацијата со цел исполнување на договорните обврски кои произлегуваат од склученит договор со вас како клиент,

Податоците се пренесуваат на субјекти во надвор од Европска Унија и ЕЕЗ („трети земји“), доколку истото е неопходно на пример во следните ситуации:

• тоа да е потребно за извршување на Вашите упатства (на пр. Платни налози)
• тоа е законски потребно (на пример, барања за известување согласно применлива законска регулатива), или
• сте дале согласност.

Согласно со Законот за заштита на лични податоци, при пренос на лични податоци во ЕУ и/или во ЕЕА Банката има за обврска за истото д аја извести Агенцијата за заштита на лични податоци, а за пренос надвор од ЕУ и ЕЕ согласно со Законот за заштита на лични податоци банката ќе побара одобрување од Агенцијата за заштита на лични податоци.

**8. Колку долго Банката ќе ги чува Вашите лични податоци?**

Ние ги обработуваме и чуваме Вашите лични податоци сè додека истото е потребно за да ги исполниме нашите договорни и законски обврски. Во овој контекст, треба да се напомени дека нашиот деловен однос е континуирана обврска и се очекува да трае одреден број на години.

Доколку податоците веќе не се потребни за да се исполнат договорните или законските обврски, тие редовно се бришат, освен ако нивната понатамошна обработка - за ограничен период - е неопходна за следниве цели:

• Усогласеност со минималните периоди на задржување според применливата законска и подзаконска регулатива во Република Северна Македонија (на пример: Законот за спречување на перење пари и финансирање тероризам, Законот за трговски друштва, Закон за банки, Закон за извршување, регулативата за македонско кредитно биро и кредитен регистар, регулативата за платен промет и слично).

**9. Кои се Вашите права во врска со заштитата на личните податоци?**

Кога Вашите податоци се обработуваат, Вие имате одредени права на приватност. Доколку имате прашања во врска со Вашите права, контактирајте не преку е-пошта на наведените податоци за контакт.

Вашите права се следните:

- **Право да бидете информирани** - За да ја нагласиме потребата за транспарентност при користењето на лични податоци, ние обезбедуваме правична обработка на информациите преку оваа политика за приватност.
- **Право на пристап** - Имате право да побарате од банката преглед на вашите лични податоци кои ги обработуваме.
- **Право на исправка** - Ако Вашите лични податоци не се точни, имате право да побарате да ги корегираме. Ако Вашите податоци ги споделуваме со трета страна, ќе ја известиме доколку направиме промена на Вашите податоци на Ваше барање.

- **Право на бришење** – ПроКредит Банка е законски обврзана да ги чува вашите лични податоци. Вашето право да бидете заборавени, односно податоците кои банката ги обработува/обработувала да бидат целосно избришани ќе биде применливо доколку:
    - Вашите податоци повеќе не се потребни за првобитната намена;
    - Вие ја повлекувате дадената согласност за обработка;
    - Вие се спротивставувате на тоа да ги обработуваме Вашите податоци за легитимни интереси на банката;
    - ПроКредит Банка незаконски ги обработува Вашите лични податоци; или
    - Локален закон бара да ги избришеме Вашите лични податоци
- **Право на ограничување на обработката** - Имате право да побарате од банката да го ограничи користењето и обработката на Вашите лични податоци ако:
    - Вие верувате дека Вашите личните податоци не се точни;
    - Вие верувате дека ние ги обработуваме податоците незаконски; или
    - Вие се спротивставувате да ги обработуваме Вашите податоци за легитимни интереси на банката;
- **Право на приговор** – Доколку имате легитимни причини, Вие имате право да се спротиставите на обработката на Вашите лични податоци од страна на ПроКредит Банка. Банката ќе го разгледа Вашиот приговор и ќе утврди дали обработката на Вашите податоци има некакво негативно влијание поради што би било потребно да ја запреме обработката на Вашите лични податоци;
- **Право на преносливост на податоците** – Имате право да добиете кои лични податоци се обработуваат и тие информации да ги добиете во електронски читлив формат, или може да побарате да ги пренесеме на друг контролор доколку тоа е технички изводливо. Ова право се однесува на оние лични податоци кои Вие ги имате доставено до банката во електронски облик.

Можете да ја повлечете Вашата согласност за обработка на Вашите лични податоци во секое време. Имајте предвид дека повлекувањето на согласноста важи само за идна обработка на личните податоци, а не и за обработката на личните податоци пред моментот на повлекување на согласноста.

Образец од Барањето за остварување на правата на субјектите на лични податоци е достапно на следниот линк ProCredit Bank - Политика на приватност (pcb.mk) и истото може да го поднесете на „ул.Манапо број 7, 1000 Скопје“, со назнака „за Офицер за заштита на лични пдоатоци“ или електронски на е адресата: mkd.dataprotection@procredit-group.com.

Барање за
остварување права

**Пред поднесување на барање за остварување на правата се охрабруваат и замолуваат сите субјекти на лични пдоатоци да ги прочитаат применливите законски одредби цитирани погоре кои содржат услови и ограночувања кога и како се остваруваат правата.**

Исто така напоменуваме дека банката ќе ги обезбеди бараните информации без надоместок, во законски предвидените рокови, освен во случај кога Барањата се очигледно неосновани или прекуменри, особено ако се повторуваат истите барања. Во овие случаи банката ќе одбие да постапи по барањето или ќе наплати надоместок имајќи ги во предвид обемот, сложеноста и времето потребно за обезбедување на информацијата или постапување по барањето, за што соодветно ќе бидете известени.

**10. Дали треба да ги дадете Вашите лични податоци на Банката?**

Според условите на нашите деловни односи, од Вас се бара да ги дадете личните податоци што се неопходни за воспоставување и спроведување на деловен однос и исполнување на договорните обврски поврзани со тој однос или податоците што сме законски обврзани да ги собираме. Без овие податоци генерално нема да можеме да склучиме или исполниме договор со вас.

Особено, условите за согласно со применливата регулатива за спречување перење пари нѐ обврзува, пред воспоставувањето на деловниот однос, да го потврдите Вашиот идентитет врз основа на документ за лична идентификација и да го наведете Вашето име и презиме, место на раѓање, датум на раѓање, националност и адреса, како и податоци за документот за лична идентификација. За да се овозможи банката да ја исполни оваа законска обврска, од Вас се бара според применливата законска регулатива во Република Северна Македонија за спречување на перење пари и финансирање тероризам да ни ги обезбедите потребните информации и документи и да нѐ информирате без одлагање за какви било промени што ќе се случат за времетраење на воспоставениот деловен однос. Доколку потребните информации и документација не и ги доставите на банката, деловниот однос нема да биде продолжен односно воспоставен.

**11. До кој степен одлучувањето е автоматизирано и дали се прави профилирање?**

При обработката на Вашите лични податоци, некогаш е потребно да користиме профилирање или други автоматски методи кои се однесуваат на следново:

- **Проверки на кредитна изложеност за да одредиме дали Вашата апликација за кредит ќе биде прифатена.** Ова вклучува пресметување на веројатноста дека обврските за плаќање ќе ги исполни клиентот во согласност со соодветниот договор. Влезни променливи за оваа пресметка може да се вклучат, на пример, износ на приходи, трошоци, постојни обврски, професија, работодавач, времетраење на работниот однос, историја на деловниот однос до денес, навремена отплата на претходни заеми и информации добиени од кредитни агенции. Оваа оценка се заснова на математички статистички податоци и најдобри практики. Вкупните вредности го поддржуваат донесувањето одлуки при склучување договори за нашите производи/услуги, и се земени во предвид при то управување со ризиците на кои е изложена банката.
- **Проверки против перење пари, финансирање тероризам и други санкции**

- **Проверки на идентитетот и адресата**
- **Следење на вашата сметка** заради спречување на измама и друг финансиски криминал
- Скрининг на клиенти кои можат да бидат оценети како „политички изложени “(на пример, ако сте вршител на некоја јавна финкција)
- Проценки што ги бараат нашите регулатори и соодветните органи за да се осигурат дека ги исполнуваме нашите регулаторни обврски
- Одлучување дали сметката е во мирување (т.е. веќе не се користи) и, ако е така, затворање на истата

Како принцип, ПроКредит Банка АД Скопје не користи целосно автоматизирано одлучување како што е наведено во член 26 од ЗЗЛП заради воспоставување и спроведување деловен однос. Ако примениме такви постапки во поединечни случаи, ние ќе Ве известиме одделно, под услов да сме законски обврзани да го сториме тоа.

**12. Систем на видео надзор**

Банката врши видео надзор само на просторот које доволен за исполнување на целите за кои е поставен, односно за заштитата на животот и здравјето на луѓето, заштита на сопственоста, заштита на животот и здравјетона вработените, и/или обезбедување на контрола на влегување и излегување од службените простории на Банката.

Снимките направени при вршење на видео надзорот се чуваат до исполнување на целта за која се врши надзорот, но не подолго од 30 дена. По истекот на овој рок снимките се бришат од системот за видео надзор. Снимките може да се чуваат подолг временски период ако чувањето е во согласност со закон во кој се содржани заштитни мерки и други мерки за заштита на правата и слободите на субјектите налични податоци, но не подолго од исполнување на целта. Исто така, снимките може да се чуваат подолг врмеенски период кога тоа е потребно за исполнување на легитимниот интерес на Банката при водење на соодветни постапки согласно со закон.
На видливо и јасно место каде што е поставен видео надзор банката има соодветно известување (налепница) која истакнува дека се врши видео надзор, како иподатоци за името на контролорот, целта на видео надзорот, рокот на чување на видео снимките, правата на субјектите на личните податоци како и начинот на кој може да се добијат дополнителни информации.

За повеќе информации за системот за видео надзор на банката може да се консултирате со Изјавата за приватност при вршење на виео надзор поставена на интернет страната на Банката (https://www.pcb.mk/politika-na-privatnost.nspx ) како и во услужните центри на Банката во хартиена форма.

**13. Снимање на телефонски разговори**

ПроКредит Банка користи технички средства за снимање на телефонски разговори со клиенти во врска со извршување на трансакции од клиенти со одредени организациони единици на Банката, при вршење и обезбедување соодветни активности во врска со извршување на трансакциите и барањата/поплаките од клиентите во согласност со применливата законска регулатива. Во вакви случаи, се обезбедува соодветно известување до клиентите и до деловните

партнери/соработници на ПроКредит банка пред било какво снимање на било кој телефонски повик.

## 14. Маркетинг

Банката, може да ги користи личните податоци на субјектите на лични податоци со цел нивно информирање за производи/услуги на Банката и/или промотивни активности коишто би можеле да ги интересираат, само по добиена изрична согласност за истото. Банката ги користи овие податоци исрично за промовирање на сопствените производи/услуги кај субјектите на лични податоци кои имаат дадено таква согласност.

Напоменуваме дека дадената согласност за оваа цел може да се повлече во секое време без надомест, преку следните канали:

- директно во услужните центри на Банката со ажурирање на Апликацијата за регистрација на клиенти,
- со достава на барање за повлекување на согласноста на инфо маил адресата на банката mkd.info@procredit-group.com или на маил адресата за заштита налични податоци mkd.dataprotection@procredit-group.com .

## 15. Како ПроКредит Банка ги заштитува вашите лични податоци

При обработката на Вашите лични податоци, банката презема соодветни технички и организациски мерки (политики и процедури, ИТ безбедност итн.) со цел да се обезбеди доверливост и интегритет на Вашите лични податоци и начинот на нивната обработка. Ние применуваме внатрешна рамка на политики и стандарди во целиот наш бизнис со цел да ги чуваме Вашите лични податоци безбедни. Овие политики и стандарди периодично се ревидираат за да бидат усогласени со применливите прописи и промени на пазарот.

Исто така и вработените во ПроКредит Банка се обврзуваат на доверливост и не смеат да ги откриваат Вашите податоци незаконски или непотребно. За да ни помогнете да продолжиме да ги штитиме Вашите податоци, секогаш кога се сомневате дека Вашите лични податоци се компромитирани, контактирајте ја банката преку наведените контакт податоци наведени во точка 4.

## 16. Изменување/дополнување на Изјавата за приватност

Изјавата за приватност на ПроКредит Банка АД Скопје е усвоена на 28 јули 2021 година.

Банката има право да ја менува/ажурира/дополнува оваа Изјава за приватност на ПроКредит Банка АД Скопје, со цел усогласување со применливата регулатива и/или интерните акти на ПроКредит Холдинг, доколку истите се повисоки односно порестриктивни во однос на националното законодавство.

Во ваков случај, ПроКредит Банка ќе ја објави изменетата Изјава за приватност на ПроКредит Банка АД Скопје на својата интернет страна со наведување на датумот на измена и кои се измените во политиката.

**16.1 Измените во Изјавата за приватност на ПроКредит Банка се усвоена на 26.09.2023 година. Во истата направени се следните измени:**

- Подобрување на прегледноста на Изјавата со воведување на содржина на истата и пренумерирање на одредени наслови,
- Дополнување во делот на кои субјекти на лични податови истата е однесува, како и за кои операции на обработка на личните податоци се однесува
- Додадена е информација во делот на остварување на правата на субјектите на лични податоци со наведување на кој начин може да се поднесе барањето за остварување на правата,
- Додадени се појаснувања за обработките на лични податоци при системот за видео надзор, телефонските повици и обработките за целите на маркетинг,
- Додадени се информации за изменување/дополнување на Изјавата.

Верзија 1.1. усвоена на 26.09.2023 година.

# Изјава за заштита на лични податоци

## 1. Вовед и принципи

Quipu GmbH сериозно ја сфаќа заштитата на вашите податоци. Користењето на веб-страниците на Quipu GmbH е можно без наведување на личните податоци. Сепак, доколку субјектот на лични податоци побара услуги преку нашата веб-страница или аплицира за работно место, обработката на личните податоци може да стане неопходна. Доколку обработката на личните податоци е неопходна и не постои законска основа за таква обработка, генерално бараме согласност за обработка на податоците од субјектот на личните податоци.

Обработката на личните податоци, како што се името, адресата, адресата на е-пошта или телефонскиот број на субјектот на лични податоци секогаш се врши во согласност со Општата регулатива за заштита на податоците (ОРЗП) и во согласност со прописите за заштита на податоци специфични за одредената земја на кои подлежи Quipu GmbH. Со помош на оваа изјава за заштита на личните податоци, нашата компанија сака да ја информира поширокатa јавност за природата, обемот и целта на личните податоци што ги собираме, користиме и обработуваме. Понатаму, субјектите на лични податоци преку оваа Изјава за заштита на лични податоци се информираат за правата кои ги имаат.

Како контролор на лични податоци, Quipu GmbH има спроведено бројни технички и организациски мерки за да обезбеди целосна заштита на личните податоци обработени преку оваа веб-страница. Ова вклучува употреба на шифрирање, псевдонимизација и ограничување на пристапот на нашите вработени до вашите податоци на минимум.

## 2. Име и адреса на контролорот

Контролор во смисла на Општата регулатива за заштита на податоци (ОРЗП), други законски за заштита на лични податоци кои важат во земјите членки на Европската Унија и други прописи поврзани со заштитата на податоците е:

Quipu GmbH

Königsberger Str. 1

60487 Франкфурт

Германија

Телефон: +49 69 50 69 90-0

Е-пошта: **quipu@quipu.de**

Веб-страница: **www.quipu.de**

## 3. Име и адреса на офицерот за заштита на лични податоци

Глеб Столјаров

На адреса на Quipu GmbH

Königsberger Str. 1

60487 Франкфурт

Германија

Телефон: +49 69 50 69 90-0

Е-пошта: **dpo@quipu.de**

Веб-страница: **www.quipu.de**

## 4. Колачиња

Веб-страниците на Quipu GmbH користат колачиња. Колачињата се текстуални датотеки кои се зачувани во компјутерски систем преку интернет прелистувач.

Многу веб-страници и сервери користат колачиња. Многу колачиња содржат таканаречена ознака за идентификација на колаче. Ознаката за идентификација на колачето претставува единствен идентификатор на колачето. Се состои од низа со знаци преку која може да се доделат веб-страници и сервери на конкретниот интернет прелистувач во кој е зачувано колачето. Ова им овозможува на посетените веб-страници и сервери да го разликуваат поединечниот прелистувач на субјектот на лични податоци од другите интернет прелистувачи кои содржат други колачиња. Одреден интернет прелистувач може да се препознае и идентификува со користење на единствениот идентификатор на колачињата.

Преку употреба на колачиња, Quipu GmbH може да им обезбеди на корисниците на оваа веб-страница повеќе кориснички услуги што не би биле возможни без поставката за колачиња.

Субјектот на лични податоци може во секое време да го спречи поставувањето на колачиња преку нашата веб-страница со помош на соодветна поставка на користениот интернет прелистувач и на тој начин може трајно да го одбие поставувањето на колачиња. Понатаму, веќе поставените колачиња може да се избришат во секое време преку интернет прелистувач или други софтверски програми. Ова е можно во сите популарни интернет прелистувачи. Ако субјектот на лични податоците ја деактивира поставката за колачиња во користениот интернет прелистувач, може да се случи да не биде во можност да ги користи во целост сите функции на нашата веб-страница.

Колачињата што ги поставуваме на вашиот компјутер автоматски се бришат по истекот на секоја сесија на веб-страницата.

Погледнете ја точка 6 за тоа како Google Analytics користи колачиња и можности за откажување.

## 5. Собирање на општи податоци и информации

Веб-страницата на Quipu GmbH собира серија општи податоци и информации кога субјектот на лични податоци или автоматски систем ја повикува веб-страницата. Овие општи податоци и информации се зачувани во датотеките за евиденција на серверот. Податоците кои се собираат може да бидат информации за (1) користените типови и верзии на прелистувач, (2) оперативниот систем што го користи системот за пристап, (3) веб-страницата од која системот за пристап доаѓа до нашата веб-страница (т.н. реферери или извори на интернет), (4) потстраници, (5) датумот и времето на пристап до веб-страницата, (6) адресата на интернет протоколот (IP адреса), (7) давателот на интернет

услугата на системот за пристап и (8) сите други слични податоци и информации што може да се користат во случај на напади на нашите системи за информатичка технологија.

Кога ги користи овие општи податоци и информации, Quipu GmbH не донесува никакви заклучоци за субјектот на лични податоци. Наместо тоа, овие информации се потребни за (1) правилно да се испорача содржината на нашата веб-страница, (2) да се анализира сообраќајот со цел да се измери интересот за компанијата и понудите, (3) да се обезбеди долгорочна одржливост на нашите системи за информатичка технологија и технологијата на веб-страниците и (4) да им обезбеди на органите за спроведување на законот информации неопходни за кривично гонење во случај на сајбер-напад. Затоа, Quipu GmbH статистички ги анализира анонимно собраните податоци и информации, со цел да ја зголеми заштитата на податоците и безбедноста на податоците на нашата компанија и да обезбеди оптимално ниво на заштита на личните податоци што ги обработуваме. Анонимните податоци на датотеките за евиденција на серверот се чуваат одделно од сите лични податоци обезбедени од субјектот на лични податоци.

## 6. Регистрирање на нашата веб-страница

Субјектот на лични податоци има можност да се регистрира на нашата веб-страница со наведување на своите лични податоци. На пример, преку пополнување на формулар може да побарате демо верзија на софтвер. Кои лични податоци се пренесуваат на контролорот се одредува со соодветната влезна маска што се користи за регистрација. Личните податоци внесени од субјектот на лични податоци се собираат и чуваат исклучиво за внатрешна употреба од страна на контролорот и за негови сопствени цели. Контролорот може да побара трансфер до еден или повеќе обработувачи (на пр. услуга за пратка), кои исто така користат лични податоци за внатрешни цели што се припишуваат на контролорот.

Со регистрирање на веб-страницата на контролорот, се зачувуваат и IP адресата доделена од давателот на интернет услуги (ДИУ) што ја користи субјектот на лични податоци, како и датумот и времето на регистрацијата. Чувањето на овие податоци се одвива врз основа на принципот дека ова е единствениот начин да се спречи злоупотребата на нашите услуги и, доколку е потребно, да се овозможи да се истражат извршените прекршоци. Складирањето на овие податоци е неопходно за цели на безбедност на контролорот. Овие податоци не се пренесуваат на трети лица освен ако постои законска обврска за предавање на податоците или ако преносот служи за цели на кривично гонење.

Регистрирањето на субјектот на лични податоци со доброволно наведување на личните податоци има за цел да му овозможи на контролорот да му понуди на субјектот на лични податоци содржини или услуги, кои може да им се понудат само на регистрираните корисници поради природата на предметната материја. Регистрираните лица може во секое време да ги променат личните податоци што ги навеле при регистрирањето или целосно да ги избришат од збирката на податоци на контролорот.

Контролорот на лични податоци е должен во секое време да обезбеди информации на барање на кој било субјект на лични податоци за тоа кои лични податоци се чуваат за субјектот. Дополнително, контролорот на лични податоци ќе ги коригира или избрише личните податоци на барање или укажување на субјектот на лични податоци, доколку не постојат законски обврски за нивно чување. Ве молиме погледнете ги деталите на договорот погоре за сите такви барања.

Податоците се чуваат само онолку колку што се смета дека е неопходно во согласност со целта за која

се наменети.

## 7. Користење на Google Analytics (Гугл аналитика)

Оваа веб-страница користи Google Analytics, услуга за анализа на веб-страници од Google Inc. Алатката Google Analytics користи колачиња за да ја анализира употребата на веб-страницата и да ја подобри нејзината ефикасност.

Преку оваа употреба на колачиња, информациите за вашата сесија се зачувуваат на серверите на Google во САД. Иако ние ги регистрираме IP адресите, тие се анонимизирани и како такви вашите IP адреси не се достапни за Google.

Оваа услуга ја користиме за да разбереме како корисниците пристапуваат и ја користат нашата веб-страница, за да можеме да продолжиме да ја подобруваме нашата услуга. Доколку сакате да се откажете, може или да ја блокирате употребата на колачиња директно во вашиот прелистувач, како што е опишано погоре во точка 3 или алтернативно може да ја **блокирате употребата на колачиња со инсталирање на plug-in** што Google го има развиено за оваа намена.

## 8. Рутинско бришење и блокирање на лични податоци

Контролорот на лични податоци ќе ги обработува и складира личните податоци на субјектот на лични податоци само за периодот неопходен да се постигне целта на складирањето или доколку тоа е одобрено од европскиот законодавец или други законодавци на закони или прописи на кои подлежи контролорот.

Ако целта за складирање не е применлива или ако истече периодот на складирање пропишан од европскиот законодавец или друг надлежен законодавец, личните податоци рутински се блокираат или бришат во согласност со законските барања.

## 9. Права на субјектот на лични податоци

### а) Право на потврдување

Секој субјект на лични податоци има право согласно европското законодавство да добие потврда од контролорот на лични податоци за тоа дали личните податоци што се однесуваат на него или неа се обработуваат или не. Доколку субјектот на лични податоци сака да го искористи ова право на добивање потврда, тој или таа може во секое време да го контактира контролорот на лични податоци.

### б) Право на пристап

Секој субјект на лични податоци има право согласно европското законодавство во секое време да добие бесплатни информации од контролорот за неговите или нејзините складирани лични податоци и копија од овие информации. Понатаму, европските директиви и регулативи му овозможуваат на субјектот на лични податоци пристап до следните информации:

- целите на обработката;

- засегнатите категории на лични податоци;
- примателите или категориите приматели на податоци на кои им биле откриени или ќе им бидат откриени личните податоци, особено приматели во трети земји или меѓународни организации;
- доколку е можно, предвидениот период во кој ќе се чуваат личните податоци или доколку тоа не е можно, критериумите што се користат за одредување на тој период;
- постоење на правото да се побара од контролорот исправка или бришење на личните податоци или ограничување на обработката на личните податоци кои се однесуваат на субјектот на лични податоци или право да се изјави приговор против таквата обработка;
- постоење на правото да се поднесе жалба до надзорен орган;
- ако личните податоци не се собрани од субјектот на лични податоци, обезбедување на сите достапни информации за нивниот извор;
- постоење на автоматско одлучување, вклучително и профилирање, наведено во член 22 став (1) и (4) од ОРЗП и, барем во тие случаи, значајни информации за вклучената логика, како и за значењето и предвидените последици на таквата обработка за субјектот на лични податоци.

Понатаму, субјектот на лични податоци има право да добие информации за тоа дали личните податоци се пренесуваат на трета земја или на меѓународна организација. Кога тоа е случај, субјектот на лични податоци ќе има право да биде информиран за соодветните заштитни мерки во врска со преносот.

Quipu го задржува правото да го потврди идентитетот на барателот. Дополнително, ако барањата се прекумерни или повторливи по природа, Quipu може да наплати такса во висина пропорционална на трошоците за подготовка и пренос на гореспоменатите податоци.

Доколку субјектот на лични податоци сака да го искористи ова право на пристап, тој може во секое време да контактира со контролорот.

## в) Право на исправка

Секој субјект на лични податоци има право согласно европското законодавство од контролорот без непотребно одлагање да му биде направена исправка на неточни лични податоци што се однесуваат на него или неа. Земајќи ги предвид целите на обработката, субјектот на лични податоци има право на комплетирање на нецелосните лични податоци, вклучително и преку обезбедување дополнителна изјава.

Доколку субјектот на лични податоци сака да го искористи ова право на исправка, тој може во секое време да контактира со контролорот.

## г) Право на бришење (право да се биде заборавен)

Секој субјект на лични податоци има право согласно европското законодавство да побара од

контролорот бришење на личните податоци што се однесуваат на него или неа без непотребно одложување, а контролорот има обврска да ги избрише личните податоци без непотребно одлагање кога ќе се појави една од следните основи, освен ако не е потребна обработка:

- Личните податоци повеќе не се неопходни во однос на целите за кои се собрани или обработени на друг начин,
- Субјектот на лични податоци ја повлекува согласноста на која се заснова обработката според член 6 став (1) буква (а) од ОРЗП или член 9 став (2) буква (а) од ОРЗП и ако што не постои друг законски основ за обработка,
- Субјектот на лични податоци се противи на обработката во согласност со член 21 став (1) од ОРЗП и не постојат померодавни легитимни основи за обработка или субјектот на лични податоци се противи на обработката во согласност со член 21 став (2) од ОРЗП,
- Личните податоци се обработени незаконски,
- Личните податоци мора да се избришат заради усогласеност со законската обврска од правото на Унијата или на земјата членка на која подлежи контролорот,
- Личните податоци се собрани во врска со понудата на услуги на информатичкото општество наведени во член 8 став (1) од ОРЗП.

Доколку се појави една од горенаведените причини и субјектот на лични податоци сака да побара бришење на личните податоци складирани од страна на Quipu GmbH, тој може во секое време да контактира со контролорот. Вработен во Quipu GmbH веднаш ќе се погрижи барањето за бришење да се реализира веднаш.

Ако контролорот јавно ги објавил личните податоци, но е должен во согласност со член 17 став (1) да ги избрише личните податоци, контролорот, земајќи ја предвид достапната технологија и трошоците за имплементација, ќе преземе разумни чекори, вклучително и технички мерки, за да ги информира другите контролори кои ги обработуваат личните податоци дека субјектот на лични податоци побарал тие контролори да ги избришат сите врски до таквите податоци или нивните копии или реплицирања, доколку не е потребна обработка. Вработен во Quipu GmbH ќе ги организира потребните мерки во поединечни случаи.

## ѓ) Право на ограничување на обработката

Секој субјект на лични податоци има право согласно европското законодавство да побара од контролорот ограничување на обработката на неговите податоци во следните случаи:

- Ако е оспорена точноста на личните податоци од субјектот на лични податоци, за период што му овозможува на контролорот да ја потврди точноста на личните податоци,
- Обработката е незаконска и субјектот на лични податоци се противи на бришењето на личните податоци и наместо тоа бара ограничување на нивната употреба,

- На контролорот повеќе не му се потребни личните податоци за целите на обработката, но тие му се потребни на субјектот на лични податоци за изјавување, остварување или одбрана на законски барања,
- Субјектот на лични податоци се спротивстави на обработката во согласност со член 21 став (1) од ОРЗП во очекување на верификацијата дали легитимните основи на контролорот ги надминуваат оние на субјектот на лични податоци.

Доколку еден од горенаведените услови е исполнет, а субјектот на лични податоци сака да побара ограничување на обработката на личните податоци складирани од Quipu GmbH, тој може во секое време да контактира со контролорот. Вработениот во Quipu GmbH ќе го договори ограничувањето на обработката.

## е) Право на преносливост на податоците

Секој субјект на лични податоци има право согласно европското законодавство да ги добива личните податоци што се однесуваат на него или неа, кои му биле доставени на контролорот, во структуриран, вообичаено користен и машински читлив формат. Тој или таа има право да ги пренесе тие податоци на друг контролор без пречки од контролорот на кој му се обезбедени личните податоци, сè додека обработката се заснова на согласност дадена согласно буква (а) од член 6 став (1) од ОРЗП или буква (а) од член 9 став (2) од ОРЗП или на договор согласно точка (б) од член 6 став (1) од ОРЗП, а обработката се врши со автоматизирани средства, сè додека обработката не е неопходна за извршување на задача во јавен интерес или при вршење на службено овластување доверено на контролорот.

Понатаму, при остварувањето на своето право на преносливост на податоци во согласност со член 20 став (1) од ОРЗП, субјектот на лични податоци има право личните податоци да се пренесуваат директно од еден контролор на друг, ако тоа е технички изводливо и ако не влијае негативно влијае на правата и слободите на другите.

Со цел да се потврди правото на преносливост на податоците, субјектот на лични податоци може во секое време да контактира со Quipu GmbH.

## ж) Право на приговор

Секој субјект на лични податоци има право согласно европското законодавство во секое време да изјави приговор врз основа на неговата/нејзината конкретна ситуација против обработката на личните податоци што се однесуваат на него или неа согласно буква (д) или (ѓ) од член 6 став (1) од ОРЗП. Ова исто така важи и за профилирање врз основа на истите одредби.

Во случај на приговор, Quipu GmbH повеќе нема да ги обработува личните податоци освен ако можеме да покажеме убедливи легитимни основи за обработка, кои ги надминуваат интересите, правата и слободите на субјектот на лични податоци или за изјавување, остварување или одбрана на законски побарувања.

Ако Quipu GmbH обработува лични податоци за цели на директен маркетинг, субјектот на лични податоци има право во секое време да се спротивстави на обработката на личните податоци што се

однесуваат на него или неа за такви маркетинг активности. Ова се однесува на профилирањето до степен до кој тоа е поврзано со таков директен маркетинг. Ако субјектот на лични податоци се противи да се обработуваат неговите податоци за цели на директен маркетинг, Quipu GmbH повеќе нема да ги обработува личните податоци за овие цели.

Со цел да го искористи правото на приговор, субјектот на лични податоци може да контактира со контролорот. Дополнително, субјектот на лични податоци може во контекст на користењето на услугите на информатичкото општество и без оглед на Директивата 2002/58/ЕЗ, да го искористи своето право на приговор со автоматизирани средства користејќи технички спецификации.

### з) Право на повлекување на согласноста за обработка на лични податоци

Секој субјект на лични податоци има право согласно европското законодавство во секое време да ја повлече својата согласност за обработка на неговите или нејзините лични податоци во секое време.

Доколку субјектот на лични податоци сака да го искористи правото да ја повлече согласноста, тој или таа може во секое време да контактира со Quipu GmbH.

### ѕ) Право на поднесување жалба

Како субјект на лични податоци имате право да поднесете жалба до надзорниот орган. Органот за заштита на лични податоци одговорен за територијата на која се наоѓа седиштето на Quipu е:

Офицер за заштита на лични податоци во сојузната покраина Хесен:

Веб-страница: **https://datenschutz.hessen.de/**

Е-пошта: **Poststelle@datenschutz.hessen.de**

Телефон: +49 611 1408 – 0

## 10. Заштита на податоци за апликации и постапки за аплицирање

Контролорот на лични податоци ги собира и обработува личните податоци на подносителите на апликации за целите на обработката на постапката за аплицирање. Обработката може да се изврши и по електронски пат. Ова е случај особено ако апликантот ги доставува соодветните документи за апликација преку е-пошта или со користење на образец поставен на веб-страницата на контролорот. Доколку контролорот на лични податоци склучи договор за вработување со некој апликант, доставените податоци ќе се чуваат заради обработка на работниот однос во согласност со законските барања. Доколку контролорот не склучи договор за вработување со апликантот, документите за аплицирање се бришат шест месеци по известувањето за одлуката за одбивање. За повеќе информации за обработката на личните податоци внесени преку опцијата за прикачување на личната биографија погледнете ја изјавата за приватност приложена кон функцијата за прикачување.

## 11. Правен основ за обработка

Член 6 став 1 буква а) од ОРЗП служи како правен основ за извршување на операциите за обработка за кои добиваме согласност за одредена цел на обработка. Доколку обработката на личните

податоци е неопходна за извршување на договор во кој субјектот на лични податоци е договорна страна, како што е случај, на пример, кога операциите на обработка се неопходни за набавка на стоки или за обезбедување услуги, обработката се врши врз основа на член 6 став 1 буква б) од ОРЗП. Истото важи и за операциите за обработка, кои се неопходни за извршување на преддоговорни мерки, на пример во случај на прашања во врска со нашите производи или услуги. Во случаите во кои нашата компанија подлежи на законска обврска за обработка на лични податоци, како на пример, за исполнување на даночни обврски, обработката се заснова на член 6 став 1 буква в) од ОРЗП. Во ретки случаи, обработката на личните податоци може да биде неопходна за заштита на виталните интереси на субјектот на лични податоци или на друго физичко лице. Ова би било случај, на пример, ако некој посетител е повреден во нашата компанија и неговото име, возраст, податоци за здравственото осигурување или други витални информации би требало да се пренесат на лекар, болница или трето лице. Тогаш обработката би се засновала на член 6 став 1 буква г) од ОРЗП. На крај, операциите за обработка би можеле да се засноваат и на член 6 став 1 буква ѓ) од ОРЗП. Овој правен основ се користи за операции за обработка, кои не се опфатени со ниту еден од горенаведените правни основи, доколку обработката е неопходна за целите на легитимните интереси на нашата компанија или трето лице, освен кога пред таквите интереси предност имаат интересите или основните права и слободи на субјектот на лични податоци кои бараат заштита на личните податоци. Ваквите операции на обработка се особено дозволени, бидејќи тие се конкретно споменати од европскиот законодавец. Тој смета дека може да се претпостави постоење на легитимен интерес доколку субјектот на лични податоци е клиент на контролорот (Рецитал 47 реченица 2 од ОРЗП).

## 12. Легитимен интерес на контролорот или на трето лице

Ако обработката на личните податоци се заснова на член 6 став 1 буква ѓ) од ОРЗП, нашиот легитимен интерес е да го водиме нашето деловно работење во корист на благосостојбата на сите наши вработени и акционерите.

## 13. Период во кој ќе се чуваат личните податоци

Критериум што се користи за одредување на периодот на чување на личните податоци е соодветниот законски период на чување. По истекот на тој рок, соодветните податоци рутински се бришат, доколку веќе не се потребни за исполнување на договорот или започнување на друг договор.

## 14. Обезбедување лични податоци како законска или договорна обврска; Неопходен услов за склучување договор; Обврска на субјектот на лични податоци да ги обезбеди личните податоци; Можни последици од необезбедувањето на тие податоци

Сакаме да истакнеме дека обезбедувањето лични податоци е делумно предвидено со закон (на пр. со даночни прописи) или може да произлезе и од договорни одредби (на пр. информации за договорниот партнер). Понекогаш може да биде неопходно да се склучи договор за тоа дека субјектот на лични податоци ни обезбедува лични податоци, кои последователно мора да бидат обработени. На пример, субјектот на лични податоци е должен да ни обезбеди лични податоци кога нашата компанија ќе потпише договор со него, односно со неа. Последица од необезбедувањето на личните податоци би било дека не може да се склучи договорот со субјектот на лични податоци. Пред субјектот на лични податоци да ги обезбеди личните податоци, субјектот на личните податоци

треба да контактира со некој од вработените. Вработениот ќе му објасни на субјектот на лични податоци дали обезбедувањето на личните податоци е задолжително согласно закон или договор или тие се неопходни за склучување на договорот, дали постои обврска за давање на личните податоци и последиците од недавањето на личните податоци.

## 15. Постоење на автоматско одлучување

Како одговорна компанија, ние не користиме автоматско одлучување или профилирање.

## 16. Претплата на нашите билети

На веб-страницата на Quipu GmbH, на корисниците им се нуди можност да се претплатат на билтенот на нашата компанија. Влезната маска што се користи за оваа цел е наменета за внесување на електронската адреса на претплатниците.

Quipu ја користи онлајн маркетинг платформата „MailChimp“ со која управува The Rocket Science Group LLC, компанија со седиште во државата Џорџија во Соединетите Американски Држави. При претплатувањето за билтенот, субјектот на лични податоци ја прикачува својата адреса на е-пошта на серверот на MailChimp. За повеќе информации, прочитајте ја изјавата за приватност на MailChimp на **https://mailchimp.com/legal/privacy/.**

Quipu GmbH ги информира своите клиенти и деловни партнери за понудите на компанијата преку билтен. Субјектот на лични податоци може да го прими билтенот на компанијата само ако (1) субјектот на лични податоци има валидна адреса на е-пошта и (2) субјектот на лични податоци ја потврди претплата на билтенот. Електронска порака за потврда ќе биде испратена на електронската адреса со која се регистрирал субјектот на лични податоци за испорака на билтенот. Оваа електронска потврда служи за да се потврди сопственикот на адресата на е-пошта како субјект на лични податоци, кој ја побарал претплатата.

За време на регистрацијата за билтенот, ние исто така може да ја зачуваме и IP адресата на компјутерскиот систем доделена од давателот на интернет услуги (ДИУ) и користена од субјектот на лични податоци во моментот на регистрацијата, како и датумот и времето на регистрацијата. Собирањето на овие податоци е неопходно за да се разбере (можната) злоупотреба на адресата на е-пошта на субјектот на податоците подоцна, и затоа служи за целта на правната заштита на контролорот.

Личните податоци собрани во текот на регистрацијата за билтенот ќе се користат само за испраќање на нашиот билтен. Дополнително, претплатниците на билтенот може да бидат информирани преку е-пошта, доколку тоа е неопходно за функционирање на услугата за доставување билтен или за соодветната регистрација, бидејќи тоа може да биде потребно во случај на измени на понудата на билтенот или во случај на промена на техничките околности. Нема да се врши пренос на лични податоци собрани во рамките на услугата за доставување билтен на трети лица. Субјектот на лични податоци може да ја прекине претплатата на нашиот билтен во секое време. Согласноста за чување на личните податоци што субјектот на лични податоци ја дал за целите на испраќање на билтенот може да се отповика во секое време. За целите на отповикување на согласноста, во секој билтен е наведен соодветен линк. Исто така, постои можност да се откаже претплатата на билтенот во секое време директно на веб-страницата на контролорот или да се извести контролорот на друг начин.

## 17. Следење преку билтен

Билтенот на Quipu GmbH содржи таканаречени пиксели за следење или web-beacons. Пикселите за следење претставуваат минијатурен графички елемент вграден во таква е-пошта, која се испраќа во HTML формат за да се овозможи снимање и анализа на датотеката за евиденција. Ова овозможува статистичка анализа на успехот или неуспехот на онлајн маркетинг кампањите. Врз основа на вградениот пиксел за следење, Quipu GmbH може да види дали и кога субјектот на лични податоци ја отворил електронската пошта и на кои линкови од електронската пошта кликнал.

Ваквите лични податоци, кои се собрани во пикселите за следење содржани во билтените, Quipu ги складира и анализира со цел да се оптимизира испораката на билтенот, како и да се прилагоди содржината на идните билтени уште подобро на интересите на субјектот на лични податоци. Овие лични податоци нема да бидат предадени на трети лица. Субјектите на лични податоци имаат право во секое време да ја отповикаат соодветната посебна изјава за согласност дадена преку постапката за двојно потврдување (double-opt-in). По отповикувањето, контролорот ќе ги избрише овие лични податоци. Quipu GmbH автоматски го смета повлекувањето од претплатата на билтенот како отповикување на согласноста.

## 18. Одредби за заштита на податоци за апликацијата и користењето на Facebook

На оваа веб-страница контролорот има интегрирани компоненти на компанијата Facebook. Facebook е социјална мрежа.

Социјална мрежа е место за социјални средби на интернет, односно во онлајн заедница, која обично им овозможува на корисниците да комуницираат меѓу себе и да комуницираат во виртуелен простор. Социјалната мрежа може да послужи како платформа за размена на мислења и искуства или да ѝ овозможи на интернет заедницата да обезбеди лични или деловни информации. Facebook им овозможува на корисниците на социјалните мрежи да креираат приватни профили, прикачуваат фотографии и вмрежување преку испраќање барања за пријателство.

Компанијата која управува со мрежата Facebook е Facebook, Inc., 1 Hacker Way, Menlo Park, CA 94025, САД. Ако некое лице живее надвор од Соединетите Американски Држави или Канада, субјектот одговорен за вашите податоци е Facebook Ireland Ltd., 4 Grand Canal Square, Grand Canal Harbour, Даблин 2, Ирска.

Со секое повикување на една од поединечните страници на оваа веб-страница со која управува Quipu и во која е интегрирана компонента на Facebook (Facebook plug-ins), од интернет прелистувачот на системот за информатичка технологија на субјектот на лични податоци автоматски се бара да преземе приказ на соодветната Facebook компонента од Facebook преку компонентата за Facebook. До прегледот на сите додатоци за Facebook (Facebook plug-ins) може да се пристапи преку **https://developers.facebook.com/docs/plugins/.** Во текот на оваа техничка процедура, Facebook добива информација за тоа која конкретна потстраница на нашата веб-страница ја посетил субјектот на лични податоци.

Ако субјектот на лични податоци е најавен во исто време на Facebook, со секое повикување на нашата веб-страница од страна на субјектот на лични податоци и за целото времетраење на нивниот престој на нашата интернет страница, Facebook добива информација за тоа која специфична потстраница ја посетил субјектот на лични податоци на веб-страницата. Овие информации се собираат преку компонентата на Facebook и се поврзуваат со соодветната корисничка сметка на Facebook на

субјектот на лични податоци. Ако субјектот на лични податоци кликне на едно од копчињата на Facebook интегрирани во нашата веб-страница, како на пример копчето „Ми се допаѓа“ или ако субјектот на лични податоци напише коментар, тогаш Facebook ги поврзува овие информации со личната корисничка сметка на Facebook на субјектот на лични податоци и ги зачувува личните податоци.

Преку компонентата на Facebook, Facebook секогаш добива информации за посета на нашата веб-страница од страна на субјектот на лични податоци секогаш кога субјектот на лични податоци истовремено е најавен на Facebook за време на повикувањето на нашата веб-страница. Ова се случува без оглед на тоа дали субјектот на лични податоци ќе кликне на компонентата на Facebook или не. Ако субјектот на лични податоци не сака да се врши таков пренос на информации на Facebook, тогаш тој или таа може да го спречи тоа со одјавување од својата корисничка сметка на Facebook пред да ја повика нашата веб-страница.

Упатството за заштита на личните податоци објавено од Facebook, кое е достапно на **https://facebook.com/about/privacy/,** дава информации за собирање, обработка и употреба на лични податоци од страна на Facebook. Дополнително, таму е објаснето какви опции за поставки нуди Facebook за заштита на приватноста на субјектот на лични податоци. Дополнително, достапни се различни опции за конфигурација за да се овозможи елиминирање на преносот на податоци на Facebook. Субјектот на лични податоци може да ги користи овие апликации за да се спречи преносот на податоци на Facebook.

## 19. Одредби за заштита на податоци за апликацијата и користењето на Google+

На оваа веб-страница, контролорот го интегрираше копчето Google+ како компонента. Google+ е таканаречена социјална мрежа. Google+ им овозможува на корисниците на социјалната мрежа да креираат приватни профили, да прикачуваат фотографии и да се поврзуваат со други лица преки барања за пријателство.

Компанијата која управува со Google+ е Google Inc., 1600 Amphitheatre Pkwy, Mountain View, CA 94043-1351, САД.

Со секое повикување на една од поединечните страници на оваа веб-страница, со која управува Quipu и на која е интегрирано копче Google+, интернет прелистувачот на системот за информатичка технологија на субјектот на податоците автоматски презема приказ на соодветниот Google+ копче на Google преку соодветната компонента на копчето за Google+. Во текот на оваа техничка процедура, Google добива информација за тоа која специфична потстраница на нашата веб-страница ја посетил субјектот на лични податоци. Подетални информации за Google+ се достапни на **https://developers.google.com/+/.**

Доколку субјектот на лични податоци истовремено е најавен на Google+, со секое повикување на нашата веб-страница од страна на субјектот на лични податоци и за целото времетраење на неговиот престој на нашата веб-страница, Google препознава кои специфични потстраници на нашата веб-страница ги посетил субјектот на лични податоци. Овие информации се собираат преку копчето Google+ и Google ги поврзува информациите со соодветната корисничка сметка на Google+ поврзана со субјектот на лични податоци.

Ако субјектот на лични податоци кликне на копчето Google+ интегрирано на нашата веб-страница и на тој начин му даде препорака на Google+ 1, тогаш Google ги доделува овие информации на личната

корисничка сметка на субјектот на лични податоци на Google+ и ги складира личните податоци. Google ја зачувува препораката Google+ 1 на субјектот на лични податоци, правејќи ја јавно достапна во согласност со условите прифатени од субјектот на лични податоци. Следствено, Google+ 1 препораката дадена од субјектот на лични податоци на оваа веб-страница заедно со други лични податоци, како што се името на сметката на Google+ што го користи субјектот на лични податоци и зачуваната фотографија, се чуваат и обработуваат на други услуги на Google, како што се резултатите од пребарување на пребарувачот на Google, корисничката сметка на Google на субјектот на лични податоци или на други места, како на пример на интернет страници или во врска со реклами. Google исто така може да ја поврзе посетата на оваа веб-страница со други лични податоци зачувани на Google. Google дополнително ги снима овие лични информации со цел да ги подобри или оптимизира различните услуги на Google.

Преку копчето Google+, Google добива информации дека субјектот на лични податоци ја посетил нашата веб-страница, доколку субјектот на лични податоци во моментот на повикување на нашата веб-страница истовремено е најавен на Google+. Ова се случува без оглед на тоа дали субјектот на лични податоци ќе кликне или не на копчето Google+.

Ако субјектот на лични податоци не сака да се пренесуваат лични податоци на Google, тој може да го спречи таквото пренесување со одјавување од неговата корисничка сметка на Google+ пред да ја повика нашата веб-страница.

Дополнителни информации и одредбите за заштита на личните податоци на Google може да се добијат на **https://www.google.com/intl/en/policies/privacy/.** Повеќе референци од Google за копчето Google+ 1 може да се добијат на **https://developers.google.com/+/web/buttons-policy**.

## 20. Одредби за заштита на податоци за апликацијата и користењето на LinkedIn

Quipu GmbH има интегрирани компоненти на LinkedIn Corporation на оваа веб-страница. LinkedIn е веб-базирана социјална мрежа, која им овозможува на корисниците со постоечки деловни контакти да се поврзат и да остваруваат нови деловни контакти. Над 400 милиони регистрирани луѓе во повеќе од 200 земји користат LinkedIn. Моментално LinkedIn е најголемата платформа за деловни контакти и една од најпосетуваните веб-страници во светот.

Компанијата која управува со LinkedIn е LinkedIn Corporation, 2029 Stierlin Court Mountain View, CA 94043, САД. За прашања поврзани со приватноста надвор од Соединетите Американски Држави одговорен е LinkedIn Ireland LinkedIn Ireland, Privacy Policy Issues, Wilton Plaza, Wilton Place, Даблин 2, Ирска.

Со секое повикување на една од поединечните страници на оваа веб-страница со која управува контролорот и на која е интегрирана компонента на LinkedIn (LinkedIn plug-in), од интернет прелистувачот на системот за информатичка технологија на субјектот на податоците автоматски се бара да преземе приказ на соодветната компонента на LinkedIn од LinkedIn. Дополнителни информации за LinkedIn plug-in може да се најдат на https://developer.linkedin.com/plugins. Во текот на оваа техничка процедура, LinkedIn добива информации за тоа која специфична потстраница на нашата веб-страница ја посетил субјектот на лични податоци.

Ако субјектот на лични податоци истовремено е најавен на LinkedIn, со секое повикување на нашата веб-страница од страна на субјектот на лични податоци и за целото времетраење на неговиот престој на нашата веб-страница, LinkedIn добива информации за тоа која специфична потстраница на нашата

веб-страница ја посетил субјектот на лични податоци. Овие информации се собираат преку компонентата LinkedIn и се поврзуваат со соодветната корисничка сметка на LinkedIn на субјектот на лични податоци. Ако субјектот на лични податоци кликне на едно од копчињата LinkedIn интегрирани на нашата веб-страница, тогаш LinkedIn ги доделува овие информации на личната корисничка сметка на LinkedIn на субјектот на лични податоци и ги складира личните податоци.

Преку компонентата, LinkedIn добива информации дека субјектот на лични податоци ја посетил нашата веб-страница, под услов субјектот на лични податоци да е најавен на LinkedIn во моментот на повикувањето на нашата веб-страница. Ова се случува без разлика дали лицето ќе кликне на копчето LinkedIn или не. Ако субјектот на лични податоци не сака да изврши таков пренос на информации до LinkedIn, тој може да го спречи тоа со одјавување од својата корисничка сметка на LinkedIn пред да ја повика нашата веб-страница.

На линкот **https://www.linkedin.com/psettings/guest-controls** LinkedIn нуди можност да се избере опција да не се добиваат таргетирани реклами, како и можност за управување со поставките за реклами. Поставувањето колачиња може да се одбие на **https://www.linkedin.com/legal/cookie-policy.** Применливата политика за приватност на LinkedIn е достапна на **https://www.linkedin.com/legal/privacy-policy.** Политиката за колачиња на LinkedIn е достапна на **https://www.linkedin.com/legal/cookie-policy.**

## 21. Одредби за заштита на податоци за апликацијата и користењето на Twitter

На оваа веб-страница, Quipu GmbH има интегрирани компоненти на Twitter. Twitter е повеќејазична, јавно достапна услуга за микроблогирање на која корисниците можат да објавуваат и шират таканаречени „твитови“, во форма на кратки пораки, кои се ограничени на 280 карактери. Овие кратки пораки се достапни за секого, вклучувајќи ги и оние кои не се најавени на Twitter. Твитовите се прикажуваат и на таканаречените следбеници на соодветниот корисник. Следбениците се други корисници на Twitter, кои ги следат твитовите на корисникот. Понатаму, Twitter да ва можност да се обратите на широка публика преку хаштагови, линкови или ретвитови.

Компанијата која управува со Twitter е Twitter, Inc., 1355 Market Street, Suite 900, San Francisco, CA 94103, САД.

Со секое повикување на една од поединечните страници на оваа веб-страница со која управува контролорот и на која е интегрирана компонента на Twitter (копче Twitter), автоматски се бара интернет прелистувачот на системот за информатичка технологија на субјектот на лични податоци да преземе приказ на соодветната Twitter компонента на Twitter. Дополнителни информации за копчињата на Twitter се достапни на **https://about.twitter.com/de/resources/buttons.** Во текот на оваа техничка процедура, Twitter добива информации за тоа која специфична потстраница на нашата веб-страница ја посетил субјектот на лични податоци. Целта на интеграцијата на компонентата Twitter е реемитување на содржината на оваа веб-страница за да им овозможиме на нашите корисници да ја претставаат оваа веб-страница во дигиталниот свет и да го зголемат бројот на нашите посетители.

Ако субјектот на податоците истовремено е најавен на Twitter, со секое повикување на нашата веб-страница од страна на субјектот на лични податоци и за целото времетраење на неговиот престој на нашата веб-страница, Twitter добива информација за тоа која специфична потстраница на нашата веб-страница ја посетил субјектот на лични податоци. Овие информации се собираат преку компонентата Twitter и се поврзуваат со соодветната корисничка сметка на Twitter на субјектот на лични податоци.

Ако субјектот на лични податоци кликне на едно од копчињата на Twitter интегрирани на нашата веб-страница, тогаш Twitter ги доделува овие информации на личната корисничка сметка на Twitter на субјектот на лични податоци и ги складира личните податоци.

Twitter добива информации преку компонентата на Twitter дека субјектот на лични податоци ја посетил нашата веб-страница, ако субјектот на лични податоци е најавен на Twitter во моментот на повикување на нашата веб-страница. Ова се случува без оглед на тоа дали лицето ќе кликне на компонентата на Twitter или не. Доколку субјектот на лични податоци не се согласува со таквиот пренос на информации на Twitter, тој може да го спречи тоа со одјавување од својата корисничка сметка на Twitter пред да ја повика нашата веб-страница.

Важечките одредби за заштита на личните податоци на Twitter може да ги најдете на **https://twitter.com/privacy?lang=en.**

**Ве молиме прочитајте го и нашето правно известување.**

**Пиксел Политика на приватност**

Можете да ги оневозможите колачињата преку опциите на вашиот прелистувач. За да дознаете повеќе детални информации за управување со колачиња со специфични прелистувачи, можете да ги најдете на соодветните веб-страници на прелистувачите.

**Права за заштита на податоци според GDPR**

Сакаме да бидеме сигурни дека целосно сте свесни за сите вашите права за заштита на податоци. Секој корисник има право на следново:
Право на пристап - Имате право да барате копии од вашите лични податоци. Можеме да ви наплатиме мала такса за оваа услуга.
Право на исправка - Имате право да барате исправка на сите информации за кои верувате дека се неточни. Исто така имате право да барате да ги дополниме информациите за кои верувате дека се непотполни.
Право на бришење - Имате право да барате бришење на вашите лични податоци, под одредени услови.
Право на ограничување на обработката - Имате право да барате ограничување на обработката на вашите лични податоци под одредени услови.
Право на противбарање на обработка - Имате право да се противставите на нашата обработка на вашите лични податоци под одредени услови.
Право на пренос на податоци - Имате право да барате да ги пренесеме податоците што ги собравме на друга организација, или директно до вас, под одредени услови.
Ако поднесете барање, имаме еден месец да ви одговориме. Ако сакате да ги исполните некои од овие права, ве молиме контактирајте не’.

**Информации за деца**

Друг дел од нашата приоритетна е да додадеме заштита за децата при користење на интернет. Ги поттикнуваме родителите и старателите да ја набљудуваат, учествуваат и/или надгледуваат и управуваат нивната онлајн активност.

Piksel.mk не собира никакви лични идентификациски информации од деца под 13 години. Ако сметате дека вашето дете обезбедило ваква информација на нашата веб-страница, ве поттикнуваме да не’ контактирате веднаш и ќе направиме се’ што можеме за брзо отстранување на таквите информации од нашите записи.

**Промени на оваа политика за приватност**

Можеме да ја ажурираме нашата политика за приватност од време на време. Затоа ве советуваме да ја прегледате оваа страница периодично за било какви промени. Ќе ве известиме за било какви промени со објавување на новата политика за приватност на оваа страница. Овие промени се ефективни веднаш, откако се објавени на оваа страница.

**Контактирајте не’**

Ако имате некакви прашања или предлози за нашата политика за приватност, не се колебајте да не’ контактирате.